Врз основа на член 59, 60 и 63 од Законот за јавни набавки (Сл.Весник на РМ бр.19/2004 година), Законот за основање на Агенцијата за претприемништво на Република Македонија (Сл. весник бр.40 од 22.09.2003 година), и Одлуката на Управниот Одбор од 06.12.2005 година, Комисијата за јавни набавки на Агенција за поддршка на претприемништво на Република Македонија, објавува:

**ОГРАНИЧЕН ПОВИК БР. 1/2005**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**1.1 Набавувач:**
Агенција за поддршка на претприемништво на Република Македонија со седиште на улица Никола Вапцаров број 7 Скопје, телефон: 02/ 3 120 132; 02/3 109 736, факс: 02/3 135 494 и e-mail apprm@apprm.org.mk (во понатамошниот текст Агенција).

**1.2 Предмет на набавката е:**
Избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото кои ќе бидат ангажирани во реализација на дел од активностите кои произлегуваат од програмските активности на набавувачот дефинирани во:

*А) Законот за основање* на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија ( Сл.весник бр 40 од 22.09.2003 година,) во делот на активностите дефинирани во: член 6, 20, 21 и 22,

*Б) Владината Програмата на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање на конкурентноста на малите и средни бизниси во Република Македонија* во делот на: Институционалната инфраструктура, Нефинансиска поддршка, Финансиски Програми, Програми за создавање на конкурентност

В) *Економската програма на Владата и*

*Г) Акциониот план за спроведување на економската програма на Владата.*

**1.3 Тендерската документација**.
Тендерската документација детално го утврдува предметот на набавка и истата заинтересираните понудувачи може да ја подигнат во просториите на Агенцијата, канцеларија бр. 104, секој работен ден од 10:00 – 15:00 часот.

**1.4 Понудувачи:**

Право да поднесуваат понуди имаат правни лица дефинирани во Законот за основање на АППРМ, член 20. (Сл. весник на Република Македонија бр. 40 од 2003 година) како и сите останати правни лица кои се регистрирани за дејноста и делуваат на полето на

поддршката на малото стопанство, воедно кои ги исполнуваат минималните технички услови кои се бараат во овој ограничен повик.
Право да поднесуваат понуди имаат и група на понудувачи во склад со член 14 од Законот за јавни набавки.

**1.5** Предметот на набавката е делив.

## 2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1 Име, адреса и седиште на понудувачот;
2.2 Извод од судска регистрација на дејноста, а во влошката 3 од изводот на дејноста која е предмет на набавката да биде заокружена.
2.3 Документ за бонитет за понудувачот издаден од Централниот регистар;
2.4 Доказ дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација;
2.5 Доказ од надлежен орган дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка набезбедност - забрана на вршење на дејност;
2.6 Потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки;
2.7 Изјава на понудувачот со која се прифаќаат условите од отворениот повик.

Бараните документи треба да не се постари од 6 месеци од денот на издавањето и да бидат доставени во оргинален примерок или копија заверена од понудувачот ( согласно чл. 40 од ЗЈН).

***Услови со кои понудувачот, согласно со член 41, став 1 од законот за јавни набавки, ја докажува техничката способност:***

2.8 Поседување на адекватен простор, канцелариска и компјутерска опрема, обучен кадар и други физички капацитети за изведување на предметот на набавката,
2.9 Список на реализирани проекти (обуки, семинари, работилници и други услуги од обласа на малото стопанство), со назначување на поединечната вредност на проектите, бројот на корисници и референтна листа на партнери и соработници,
2.10 Работни биографии и изјави од персоналот и други експерти кои работат или се ангажирани од понудувачот и кои ќе бидат задолжени за реализација на набавката,
2.11 Рекламен, проспектен и друг вид на презентациски и извештаен материјал, со кој се докажува способноста за управување со проекти и извештајно работење.
2.12 Деловна поврзаност со локалните и регионалните институции за поддршка на малото стопанство,
2.13 Поврзаност со општините и општинските институции задолжени за економскиот развој, 2.14 Најмалку 3 препораки за остварена соработка со домашни и странски проекти, институции и оргнизации од доменот на соработка во развојот на малото стопанство,

## 3. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

3.1 Ограничениот повик ќе се изврши во две фази согласно член 59, 60 и 69 од Законот за јавни набавки
3.2 Основни критериуми врз основа на кои набавувачот ќе ја оценува способноста на организациите за деловна поддршка за извршување на набавката:

3.2.1 Поседување на адекватен простор и опрема.................................................. 20 поени
3.2.2 Обучен кадар ........................................................................................................ 30 поени
3.2.3 Деловна поврзаност со локалните и регионалните институции
за поддршка на малото стопанство......................................................................... 20 поени
3.2.4 Деловна поврзаност со општините и општинските институции
задолжени за економскиот развој .......................................................................... 15 поени
3.2.5 Реализација на домашни и странски проекти
од областа на малото стопанство............................................................................ 15 поени

## 4. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА

4.1 Понудите треба да се достават најдоцна до 15,00 часот на 23.01.2006 година во архивата на Агенцијата во согласност со член 78, 79 од Законот за јавни набавки. Нецелосните понуди, како и понудите што ќе се достават или пристигнат по истекот на наведениот рок, нема да бидат разгледувани.

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Секој понудувач или група на понудувачи може да учествува само со една понуда, што подразбира и неможност за давање на алтернативи во понудата.
Рок за донесување на одлука за квалификација на пријавените кандидати е 30.01.2006 година.
Дополнителни информации на тел.: 02/3120-132.

КОМИСИЈА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ